Македонска берза на

хартии од вредност

АД Скопје

ADING
состојка на секоја градба

АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр. 11, 1060 Скопје,
Р. Северна Македонија; П.Фах 40; е-пошта: ading@ading.com.mk

- Управен менаџмент: Тел.:+389 2 2034 800, Факс:+389 2 2034 810
- Контрола на деловен систем: Тел.:+389 2 2034 806, Факс:+389 2 2034 810
- Финансии: Тел.:+389 2 2034 816, Факс:+389 2 2034 817
- Примена: Тел.:+389 2 2034 840, Факс:+389 2 2034 850
- Продажба: Тел.:+389 2 2034 820, Факс:+389 2 2034 821
- Институт: Тел.:+389 2 2034 860, Факс:+389 2 2034 850
- Набавки: Тел.:+389 2 2034 824, Факс:+389 2 2034 825
- Фабрика: Тел.:+389 2 2034 863, Факс:+389 2 2034 821

АРХ. БРОЈ: ДАТУМ: 28.10.2026

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

ЗА НАСТАНАТИТЕ ЗНАЧАЈНИ ПРОМЕНИ ВО ФИНАНСИСКИОТ РЕЗУЛТАТ ЗА ПЕРИОДОТ 01.01.2026-30.09.2026 ГОДИНА ЗА ДС АДИНГ СКОПЈЕ-КОНСОЛИДИРАНИ ИЗВЕШТАИ

1. **Сметководствени политики и методи на вреднување на ставките од финансиските извештаи споредено со последните годишни ревидирани извештаи:**

   Во овој период нема промена во сметководствените политики од последните промени кои произлегоа од примената на стандардите според **МСФИ 15-Приходи од договори со купувачи** и **МСФИ 16-Лизинг.**

2. **Остварени вкупни приходи во однос на претходниот период, кратка анализа на приходите и оствареният финансиски резултат:**

   -Во овој период АДИНГ АД Скопје оствари вкупен приход во износ од 675.627 илјади денари кој е поголем од минатогодишниот за 46.434 илјади денари, односно зголемување за 7,4%. Во структурата на приходите најголем удел имаат приходите од продажба во износ од 670.041 илјади денари или 99,2% од вкупниот приход, од кои 87,1% се приходи од продажба на домашен пазар и 12,9% приходи од продажба на странски пазар.

   -Движењето на вкупните приходи по квартали е следен:

   I квартал = 161.840 илјади денари.

   II квартал = 267.373 илјади денари.

   III квартал = 246.414 илјади денари.

-Движењето на финансискиот резултат по квартали е следен:

31.03.2026 = 33.842 илјади денари.

30.06.2026 = 114.527 илјади денари(+ 80.685 илјади денари во вториот квартал).

30.09.2026 = 180.500 илјади денари(+ 65.973 илјади денари во вториот квартал).

-На крајот на овој период, остварен е позитивен финансиски резултат, односно Добивка пред оданочување во износ од 180.500 илјади денари, која е помала за 3,1% во однос на минатогодишната добивка, која изнесуваше 186.314 илјади денари.

-Добивката пред оданочување во износ од 180.500 илјади денари е за 242,4% поголема од планираната во износ од 52.718 илјади денари.

3. **Остварени вкупни расходи во однос на претходниот период и нивна кратка анализа:**

-Во истиот период, остварени се вкупни расходи во износ од 478.212 илјади денари што претставува зголемување во однос на минатогодишните за 32.790 илјади денари, односно за 7,4%.

-Движењето на вкупните расходи по квартали е следен:

I квартал = 138.917 илјади денари.

II квартал = 172.116 илјади денари.

III квартал = 167.179 илјади денари.

4. **Останати значајни финансиски податоци со 30.09.2026 година:**

-Кредитната задолженост е зголемена за 15.433 илјади денари.

-Капиталните инвестиции се во износ од 22.494 илјади денари.

-Залихите на готови производи се намалени за 16.915 илјади денари.

-Исплатена е Дивиденда во износ од 14.448 илјади денари.

5. **Вложувања или продажба на материјални средства и значителен отпис (поголем од 30% од вредноста на средството споредено со последните годишни ревидирани финансиски извештаи):**

   -Нема.

6. **Промени во кредитните задолжувања(намалувања или зголемување поголеми од 30% споредено со последните годишни ревидирани финансиски извештаи):**

   -Нема.

7. **Остварување на планот:**

   Во првиот квартал од 2026 година, ДС АДИНГ има натфрлање во остварувањето на планот за 17,6%, односно по месеци, за јануари имаме остварување од 94,7%, во февруари од 122,1% и во март од 128,5% во однос на поединечните месечни планови.

   И во вториот квартал од 2026 година имаме натфрлање во остварувањето на планот, овојпат за 40,2%, односно по месеци, за април имаме остварување од 161,3%, во мај од 129,6% и во јуни од 131,3% во однос на поединечните месечни планови.

   И во третиот квартал од 2026 година продолжи трендот на натфрлање во остварувањето на планот, овојпат за 32,9%, односно по месеци, за јули имаме остварување од 148,9%, во август од 105,9% и во септември од 143,3% во однос на поединечните месечни планови.